
Во малата сала на Центарот за култура „Антон Панов“ во Струмица вечер во 20:00 часот ќе биде промовирано драмското дело „Вероника Самарак“ од Антон Панов...



Станува збор за втората драма од писателот Антон Панов која досега не е печатена, ниту е поставена на сцена. Промоцијата е во рамките на чествувањата по повод патрониот празник на градот Струмица, но ќе биде и мал прилог во одбележувањето на педесетгодишнината од смртта на еден од најзначајните македонски драмски автори, Антон Панов. За изданието ќе говорат приредувачот на книгата Ацо Гогов и д-р Мишел Павловски, театролог.